# УРЕДБА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

**Член 1**

Со оваа уредба се уредува постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање, корисниците, висината на поддршката, условите за складирање, потребната документација, видот и квалитетот на пченицата, јачменот и оризот од домашно производство и на други земјоделски производи за кои согласно член 37 од Законот за земјоделство и рурален развој се однесуваат интервенциските мерки.

**Член 2**

Финансиската поддршка за складирање се доделува за покривање на трошоците за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба предадени на складирање во складиштар.

**Член 3**

Финансиската поддршка за складирање во складиштар на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба се однесува за складирање за период од најмалку два, а најмногу девет месеци.

**Член 4**

„Корисници на финансиската поддршка за складирање се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои претходно имаат поднесено барање за директни плаќања по обработлива земјоделска површина согласно годишната Програма за финансиската поддршка во земјоделството и кои имаат склучено договор за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба кои тие ги произвеле.

Корисниците на финансиската поддршка за складирање покрај условите од став 1 на овој член, во случај на земјоделските производи - пченица и јачмен од домашно производство на кои се однесува интервенциската мерка согласно член 37 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, треба да имаат и складирано најмногу до 5 000 тони одделно за секој од земјоделските производи од член 1 од оваа уредба за остварени приноси најмногу до пет тони по хектар од пријавените земјишни капацитети од барањето за директни плаќања.“

Корисниците на финансиската поддршка за складирање покрај условите од став 1 на овој член, во случај на земјоделски производ - ориз во форма на оризова арпа од домашно производство, на кој се однесува интервенциската мерка, согласно член 37 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, треба да имаат и складирано најмногу до 5.000 тони за остварени приноси најмногу до осум тони по хектар оризова арпа од пријавените земјишни капацитети од барањето за директни плаќања

**Член 5**

Финансиската поддршка за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба изнесува 100% од трошоците за складирање и чување изразени преку цената на услугата за складирање за тие земјоделски производи.

„За земјоделските производи - пченица, јачмен и оризова арпа од домашно производство на кои се однесува интервенциската мерка согласно член 37 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, цената на услугата за складирање може да изнесува најмногу до 120 денари по тон за месец, со вклучен ДДВ.“

**Член 6**

Корисниците на финансиската поддршка до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата) за земјоделските производи од член 1 на оваа уредба поднесуваат барање за финансиска поддршка за складирање, кон кое се приложува следнава документација:

- договор за складирање кој најмалку ги вклучува податоците за: цената за извршената услуга за складиштење со пресметан данок на додадена вредност, квалитет на земјоделскиот производ и времетраење на складирањето и потврда издадена од складиштарот за примена и ускладиштена количина на земјоделскиот производ.

Средствата за финансиската поддршка од член 5 на оваа уредба, за име и за сметка на корисникот на финансиската поддршка се исплаќаат директно на складиштарот од страна на Агенцијата, по претходно поднесени податоци за:

- име и презиме на корисникот на финансиската поддршка за складирање на земјоделски производи,
- единствен матичен број на корисникот на финансиската поддршка за складирање на земјоделски производи,
- ИДБР на земјоделското стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства,
- состојба на залихите за секој корисник на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи одделно и единечна цена на извршена услуга за складиштење.

**Член 7**

Земјоделските производи од член 1 на оваа уредба треба да се складирани во складиштар кој е упишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

**Член 8**

Земјоделските производи од член 1 на оваа уредба треба да ги исполнуваат стандардите и нормативите согласно прописите за квалитет за тие производи.